ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0202-3559/3
Дата, Data 05-05-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 став 1 точка 5 од Статутот на ЈП Водовод и канализација- Скопје, Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација –Скопје на својата седма седница одржана на ден 05.05.2026 година донесе

# О Д Л У К А

**за усвојување на Извештај за работењето на ЈП Водовод и канализација -Скопје за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот арх.бр.0302-3437/1 од 30.04.2026 година за работењето на ЈП Водовод и канализација -Скопје за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година споредено со период 01.01.2025 до 31.03.2025 година, со остварен финансиски резултат:

1. Вкупно приходи од работењето ............................ 440.822.745,00 денари
2. Вкупно расходи од работењето ............................ 529.445.000,00 денари
3. Загуба од редовно работење ................................ -88.622.255,00 денари
4. Вкупно финансиски приходи ..................................... 9.232.698,00 денари
5. Вкупно финансиски расходи ..................................... 4.088.595,00 денари
6. Загуба пред одданочување ..................................... -83.478.152,00 денари
7. Данок од добивка по Даночен билнас ......................... 4.954.711,00 денари
8. Загуба по оданочување .......................................... -88.432.863,00 денари

Член 2

Извештајот арх.бр.0302-3437/1 од 30.04.2026 година за работењето на ЈП Водовод и канализација -Скопје за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година споредено со период 01.01.2025 до 31.03.2025 година е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Согласно член 5 став 3 и 4 од Законот за јавните претпријатија, Извештајот арх.бр.0302-3437/1 од 30.04.2026 година за работењето на ЈП Водовод и канализација -Скопје за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година споредено со период 01.01.2025 до 31.03.2025 година да се достави до Советот на Град Скопје и да се објави на веб страницата на претпријатието.

Член 4

Се задолжува в.д. директорот на претпријатието за спроведување на оваа одлука.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

УПРАВЕН ОДБОР
в.д. Претседател
Милена Крстева

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • NDËRMARJA PUBLIKE • ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
СКОПЈЕ SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0203-3540/2
Дата, Data 05-05-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за јавните претпријатија и член 41 став 2 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Водовод и канализација -Скопје на својата петта седница одржана на ден 05.05.2026 година, го дава следното

# М И С Л Е Њ Е

1. Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Водовод и канализација –Скопје го разгледа Извештајот арх.бр.0302-3437/1 од 30.04.2026 година за работењето на ЈП Водовод и канализација -Скопје за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година споредено со период 01.01.2025 до 31.03.2025 година.

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење дава ПОЗИТИВНО мислење за Извештајот арх.бр.0302-3437/1 од 30.04.2026 година за работењето на ЈП Водовод и канализација -Скопје за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година споредено со период 01.01.2025 до 31.03.2025 година и му предлага на Управниот одбор да го усвои.

2. Ова мислење да се достави до Управниот одбор.

Надзорен одбор за контрола на
материјално-финансиското работење
в.д. Претседател,
Никола Несторовски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • NDËRMARJA PUBLIKE UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI • СКОПЈЕ SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ
# за финансиското работење
## на
## ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СКОПЈЕ

**период**
**од 01.01- 31.03.2026 година**



**Април, 2026 година**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-3437/1
Дата, Data 30-04-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

## *1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ*

### 1.1 ПРАВЕН СТАТУС

ЈП Водовод и канализација – Скопје е основано со Одлука за поделба на претпријатието ЈКП Комуналец, во повеќе посебни претпријатија, заведено под број 02-8800/7 од 08.10.1992 година. Врз основа на наведената Одлука, извршено е регистрирање во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Скопје, со решение под бр. 1660/92 од 29.12.1992 година.

Управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација“ – Скопје, донесе Статут заведен под бр. 0202-6023/4 од 09.05.2018 година, за кој претпријатието обезбеди согласност од Советот на Град Скопје.

ЈП Водовод и канализација - Скопје е заведен во Трговскиот регистар во Основниот суд Скопје 1, според решение, П трег бр. 8116/05 од 23.01.2006 година и изврши усогласување со Законот за јавни претпријатија, со решение трег бр. 6432/99 од 15.10.2001 година, со што е извршено усогласување на основните акти на Јавното Претпријатие со Законот за јавни претпријатија.

### 1.2 ДЕЈНОСТ

Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ - Скопје врши дејност согласно последното усогласување со националната класификација на дејности и тоа:

Основна дејност на Претпријатието е:
36 ***Собирање, обработка и снабдување со вода***
36.000 Собирање, обработка и снабдување со вода

37 ***Отстранување на отпадни води***
37.000 Отстранување на отпадни води

Покрај основната дејност, Претпријатието обавува и други дејности:

43.2 ***Електроинсталатерски, водоводни и канализациски инсталации и други градежни работи***

43.220 Поставување на водоводни и канализациски инсталации, инсталации за греење и клима уреди

71 ***Архитектонски дејности и инженерство; техничко испитување и анализа***
71.110 Архитектонски дејности
71.120 Инжинерски дејности и со него поврзано техничко советување

71.2 ***Техничко испитување и анализа***
71.200 Техничко испитување и анализа

## 1.3 ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА

Јавното претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје, се организира така што дејноста ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите;
2. Техничко - технолошко и економско единство на системот ;
3. Ефикасност и транспарентност во работењето;
4. Развој и усогласеност на сопствениот развој во вкупниот стопански развој на град Скопје;
5. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
6. Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците и
7. Самостојност, еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

Претпријатието се организира во следните организациони единици :

**А) СЕКТОРИ**

- Сектор Водовод;
- Сектор Канализација;
- Сектор Механизација;
- Сектор Експлоатација и одржување на капацитети;
- Сектор Третман на отпадни води;
- Сектор за Технички работи и развој;
- Сектор Финансии, сметководство и комерција;
- Сектор Правни и општи работи;
- Сектор Наплата;
- Сектор Човечки ресурси;
- Сектор Меѓународна соработка,проекти и односи со јавност;
- Сектор за ИТ и развој ;
- Сектор Дежурно информативни работи;
- Сектор Санитарна контрола;

**Б) САМОСТОЈНИ ОДДЕЛЕНИЈА**

- Одделение за внатрешна ревизија;
- Одделение за професионална одговорност;
- Одделение за јавни набавки.

Во состав на организационите единици - Сектори се формираат одделенија , а во состав на одделенијата во завосност од техничко-технолошките карактеристики на процесот на работа може да се формираат и микро организациони единици- реони, пунктови и/или оддели.

ЈП Водовод и канализација - Скопје е субјект кој обезбедува единствено услуги поврзани со вода - водоснабдување и одведување на урбани отпадни води во градот и голем број на приградски населби.

## 1.4 ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Органи на управување во Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ - Скопје се:

- Управен одбор составен од 7 (седум) члена, со мандат од 4(четири) години, кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје;

- Одбор за контрола на материјално-финансиско работење, составен од 3 (три) члена, со мандат од 4 (четири) години, исто така избрани и назначени од Советот на Град Скопје;

- Директор, со мандат од 4 години, кого го именува и разрешува Градоначалникот на Град Скопје.

## 1.5 ТРАНСАКЦИСКИ СМЕТКИ

ЈП „Водовод и канализација“ - Скопје активностите ги извршува преку следните сметки, на ниво на правно лице:

| Вид на сметка | Жиро сметка | Депонента банка |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 320100031345745 | Централна Кооперативна банка |
| Денарска сметка | 300000000536834 | Комерцијална банка – Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| Денарска сметка | 300000002626311 | Комерцијална банка – Наменска сметка за исплата на плата и надоместоци од плата |
| Денарска сметка | 300000002641249 | Комерцијална банка - Наменска сметка за прием на депозит за учество на тендер |
| Денарска сметка | 300000003801854 | Комерцијална банка – Наменска сметка за деловни потреби |
| Денарска сметка | 300000003904480 | Комерцијална банка – Наменска банка за уплата од граѓани (фолио број) |
| Денарска сметка | 300000005010862 | Комерцијална банка – Проек.и изград.на пречистит.станица за отпадни води СК-ЕБРД бр.50376 |
| Денарска сметка | 300000005013772 | Комерцијална банка- Проек. И изградба на пречистит.станица за отпадни води ЕИБ бр.80-649 |
| Денарска сметка | 300000005025218 | Комерцијална банка- Проек. И изградба на пречистит.станица за отпадни води ВБИФ бр.96578 |
| Денарска сметка | 300000005088753 | Комерцијална банка – Упр. Со дог. И надзор на изградба на преч.станица на одпадни води ЕБРД – бр.50376 |
| Денарска сметка | 300000005088947 | Комерцијална банка – Упр. Со дог. И надзор на изградба на преч.станица на одпадни води ЕИБ – бр80-649 |
| Денарска сметка | 300000005089141 | Комерцијална банка – Упр. Со дог. И надзор на изградба на преч.станица на одпадни води ВБИФ – бр.96578 |
| Денарска сметка | 300000005358219 | Комерцијална банка -Консултантски услуги за техничка помош за преч.станица на отпадни води ЕИБ |
| Денарска сметка | 300000005358413 | Комерцијална банка -Консултантски услуги за техничка помош за преч.станица на отпадни води ВБФИ |

| | | |
|---|---|---|
| Девизна сметка | 0-270100107578 | Комерцијална банка – девизна |
| Девизна сметка | 0-270100410319 | Упр.со дог. И надзор над изград.на преч. стан.за одпадни води |
| Девизна сметка | 0-270100410335 | Проект и изград.на преч. стан.за одпадни води |
| Девизна сметка | 0-270100432126 | Консултантски услуги за техничка помош преч.станица за отпадни води |
| Денарска сметка | 210045289990132 | Тутунска банка - Парични средства на трансак.сметка во денари |
| Денарска сметка | 210045289990811 | Тутунска банка- Наменска банка за уплата од граѓани(фолио број) |
| Денарска сметка | 200001170462617 | Стопанска банка - Парични средства на транс.сметка во денари |
| Денарска сметка | 200002931409250 | Стопанска банка - Наменска банка за уплата од граѓани |
| Денарска сметка | 500000000729467 | Стопанска банка АД Битола - Парични средства на трансакц сметка во ден |
| Денарска сметка | 240010000862407 | Уни банка - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| Денарска сметка | 250028000016522 | Шпаркасе банка - Парични средства на транс.сметка во денари |
| Денарска сметка | 250001002678247 | Шпаркасе банка - Наменска сметка за исплата на плата |
| Денарска сметка | 250101000435893 | Шпаркасе банка - Наменска банка за уплата од граѓани (фолио ) |
| Денарска сметка | 270045289990139 | Халк банка - Парични средства на трансакц. сметка во денари |
| Денарска сметка | 270045289990333 | Халк наменска банка-услуги од граѓани-(фолио број) |

## 1.6.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Вкупниот број на вработени во ЈП Водовод и Канализација - Скопје по кадрова евиденција со состојба 31.03.2026 година изнесува 1.027 работници, споредени со состојба на 31.03.2025 година од 1.037 работници.

Просечниот број на вработени по работни места за разгледуваниот период во 2026 година изнесува 1.035 работници и споредени со 2025 година, кога бројот на просечно вработени изнесува 1.036 работници.

За периодот 01-03.2026 година просечниот број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период во апсолутен износ изнесува 1057 работник или за 0,38% помалку од 01-03.2025 година, кога просечниот број на вработени врз основа на часови на работа изнесуваше 1.061.

## 2. ОСТВАРЕНИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ

Во првиот квартал за 2026 година (01.01-31.03.2026) ЈП Водовод и канализација – Скопје искажува негативен финансиски резултат – загуба пред оданочување во износ од 83,478,152.00 денари.

Согласно Законот за данок од добивка (Службен весник на РМ бр.112/14) данокот од добивка се пресметува врз основа на добивката утврдена во даночниот биланс зголемена за непризнаени расходи за даночни цели и истиот за првиот квартал од 2026 година искажан во даночниот биланс изнесува ***4,954,711.00*** денари пресметан врз основа на непризнаени расходи за даночни цели по даночна стапка од 10%.

Остварената загуба по оданочување во период од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година изнесува ***-88,432,863.00*** денари.

| ***Р.б.*** | ***Назив*** | ***I квартал (01-03.2026)*** | ***I квартал (01-03.2025)*** | ***Инд.%*** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупни приходи од работењето | 440,822,745 | 408,054,808 | 8.03 |
| 2 | Вкупни расходи од работењето | 529,445,000 | 374,940,694 | 41.21 |
| 3 | Добивка/Загуба од редовно работење (1-2) | -88,622,255 | 33,114,114 | |
| 4 | Вкупно финансиски приходи | 9,232,698 | 7,373,623 | 25.21 |
| 5 | Вкупно финансиски расходи | 4,088,595 | 3,217,742 | 27.06 |
| 6 | Добивка/загуба пред одданочување(3+4-5) | -83,478,152 | 37,269,995 | |
| 7 | Данок од добивка по Даночен биланс | 4,954,711 | 2,972,503 | |
| ***8*** | ***Добивка/Загуба по оданочување*** | ***-88,432,863*** | ***34,297,492*** | |

## *2.1. БИЛАНС НА УСПЕХ*

За периодот од 01.01.2026 до 31.03.2026 година споредено со билансот на успех за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година :

| р. бр. | Биланс на успех | АОП | *Износ* | |
|---|---|---|---|---|
| | | | *Тековна година (01-31.03.2026)* | *Претходна година (01-31.03.2025)* |
| 1 | **I.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)** | **201** | **440,822,745** | **408,054,808** |
| 2 | Приходи од продажба | 202 | 407,140,827 | 361,178,830 |
| 3 | Останати приходи | 203 | 33,215,109 | 39,801,836 |
| 5 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 206 | 466,809 | 7,074,142 |
| 6 | **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+201+211+212+213+218+219+220+221+222)** | **207** | **529,445,000** | **374,940,694** |
| 7 | Трошоци за суровини и други материјали | 208 | 63,576,001 | 95,209,232 |
| 9 | Набавна вредност на продадени материјали,резервни делови,ситен инвентар,амбалажа и автогуми | 210 | 92,757 | 133,243 |
| 10 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 211 | 14,044,054 | 16,991,957 |
| 11 | Останати трошоци од работењето | 212 | 32,114,216 | 7,959,632 |
| 12 | Трошоци за вработените (214+215+216+217) | 213 | 218,473,409 | 198,041,954 |
| 12-а | Плати и надоместоци на плата(нето) | 214 | 141,223,795 | 128,883,869 |
| 12-б | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 215 | 11,948,385 | 10,816,403 |
| 12-в | Придонес од задолжително социјално осигурување | 216 | 61,618,085 | 56,167,547 |
| 12-г | Останати трошоци за вработените | 217 | 3,683,144 | 2,174,135 |
| 13 | Амортизација на материјални и нематеријални средства | 218 | 47,447,545 | 52,209,207 |
| 15 | Вредносно усогласување (обезвреднување) | 220 | 151,121,697 | 0 |
| 17 | Останати расходи од работењето | 222 | 2,575,321 | 4,395,469 |
| 18 | **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)** | **223** | **9,232,698** | **7,373,623** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19 | **Финансиски приходи од односи со поврзани друштва** | **224** | / | / |
| 21 | Приходи по основ на камати од работењето со неповрзани друштва | 230 | 7,769,520 | 3,975,581 |
| 22 | Приходи по основ на курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | 231 | 1,463,178 | 3,398,042 |
| 25 | **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)** | **234** | **4,088,595** | **3,217,742** |
| 27 | Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 239 | 746,575 | 1,056,876 |
| 28 | Расходи по основ на курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | 240 | 2,675,493 | 1,880,478 |
| 31 | Останати финансиски расходи | 243 | 666,527 | 280,388 |
| 34 | **Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)** | **246** | **/** | **37,269,995** |
| 35 | **Загуба од редовно работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244)** | **247** | **83,478,152** | **/** |
| 38 | Добивка пред одданочување (246+248) или (246-249) | 250 | / | **37,269,995** |
| 39 | Загуба пред одданочување (247+249) или (247-248) | 251 | **83,478,152** | / |
| 40 | Данок на добивка | 252 | 4,954,711 | 2,972,503 |
| 43 | **Нето добивка за деловната година (250-252+253-254)** | **255** | **/** | **34,297,492** |
| 44 | **Нето загуба за деловната година (250+252-253+254)** | **256** | **88,432,863** | **/** |
| | Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 257 | 1,057 | 1,061 |
| | Број на месеци на работење | 258 | 3 | 3 |

Во продолжение дадени се расчленети сите приходи и расходи по категории, нивната структура и споредба со изминатата година, причините кои влијаеле на нивната висина и идејните планови и стратегии на Претпријатието за задржување на позитивните трендови и надминување на негативните влијанија.

## I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Приходите од работењето ги опфаќа:

- Приходи од продажба
- Останати приходи

### 1. *Приходи од продажба*

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2026) | Стр | I квартал (01-03.2025) | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи и услуги | 407,079,823 | 99.99 | 361,130,270 | 99.99 | 12.72 |
| 2 | 742 | Приходи од продажба на услуги во странство | 10,920 | 0.00 | 10,934 | 0.00 | -0.13 |
| 3 | 747 | Приходи од наемнини | 50,084 | 0.01 | 37,626 | 0.01 | 33.11 |
| | | ***Вкупно:*** | ***407,140,827*** | ***100*** | ***361,178,830*** | ***100*** | ***12.73*** |

Приходите од продажба на производи и услуги по видови, како и поделбата на приходите од продажба на вода по категории корисници (домаќинство и стопанство) се дадени во следната табела:

| Рб | К-то | Приходи од продажба | I квартал (01-03.2026) | Стр | I квартал (01-03.2025) | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **74011 740010** | ***Приходи од продажба на водни услуги*** | ***395,644,291*** | **97.18** | ***348,987,393*** | **96.62** | **11.79** |
| 1а | 740011 | *Приходи од продажба на водни услуги домаќинство* | *248,800,555* | 61.11 | *209,451,400* | 57.99 | **15.82** |
| 1б | 740010 | *Приходи од продажба на водни услуги стопанство* | *146,779,816* | 36.05 | *139,503,227* | 38.62 | **4.96** |
| 1в | 740105 | *Проходи од продажба на водни услуги без ДДВ за проекти* | *63,920* | 0.02 | *32,766* | 0.01 | **48.74** |
| **2** | **74001111** | ***Приходи од манипулативни трошоци*** | ***0*** | **0.00** | ***246,246*** | **0.07** | **** |
| **3** | 740100 - 7401014 и 740104 | ***Приходи од услуги*** *(приклучоци, хту, отпуш. канализа, испитувањеводомер хлорирање, анализа на вода, дефекти)* | ***3,379,049*** | **0.83** | ***4,512,955*** | **1.25** | **-33.56** |
| **4** | **740102** | ***Приходи од услуги на поврзани субјекти*** | ***8,056,483*** | **1.98** | ***7,383,676*** | **2.04** | **8.35** |
| **5** | **742** | ***Приходи од продажба на услуги во странство*** | ***10,920*** | **0.00** | ***10,934*** | **0.00** | **-0.13** |
| **6** | **747** | ***Приходи од наемнини*** | ***50,084*** | **0.01** | ***37,626*** | **0.01** | **24.87** |
| | | ***Приходи од редовно работење*** | ***407,140,827*** | ***100*** | ***361,178,830*** | ***100*** | ***12.73*** |

Приходите од продажба на услуги по категории се поделени на:

- Приходи од водни услуги (продажба на вода, одведување на отпадни води и прочистување на урбани отпадни води)
- Приходи од други извршени услуги (хидротехнички услуги, услуги за приклучување на водоводна и канализациона мрежа, хлорирање, испитување и промена на водомери, анализа на вода, отпушување на канализација, утврдување на дефекти)
- Приходи од извршени услуги во работењето со поврзани субјекти
- Приходи од наемнини

Приходите од продажба на водни услуги учествуваат со 97,18% во вкупните приходи од продажба остварени за период од 01-03.2026 година и истите се зголемени за 11,79% во однос на претходниот анализиран период, односно во апсолутна бројка **зголемување во износ од 46,656,898.00 денари.**

Приходите од продажба на водни услуги бележат:

- зголемување на приходите од продажба на водни услуги кај категоријата домаќинство за 15,82% во однос на периодот 01-03.2025 година или во износ од **39,349,155.00 денари**
- зголемување на приходите од продажба на вода кај категоријата стопанство за 4,96% во однос на периодот 01-03.2025 година, или во износ од **7,276,589.00 денари.**

Согласно член 16 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (Службен весник на РМ бр.7/15), Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ донесе Решенија за утврдување на висината на регулаторна тарифа за водна услуга. Решенијата се објавени во Службен весник на РСМ бр.182 од 01.09.2025 година за регулиран период 2025-2026.

***Преглед на фактурирани м$^3$ категорија на потрошувачи - водни услуги 01.01.-31.03.2026 година (материјална евиденција)***

| *Категорија на потрошувачи* | *I квартал (01-03.2026)* | *I квартал (01-03.2025)* | *Инд. %* |
|---|---|---|---|
| **Домаќинство** | **m3** | **m3** | |
| Водоснабдување | 7,016,312 | 6,610,190 | 6.14 |
| Одведување на урбани отпадни води | 6,052,933 | 5,758,010 | 5.12 |
| Прочистување | 6,052,933 | 5,758,010 | 5.12 |
| **Стопанство** | | | |
| Водоснабдување | 2,784,326 | 3,213,986 | -13.37 |
| Одведување на урбани отпадни води | 1,956,483 | 1,946,448 | 0.52 |
| Прочистување | 1,956,483 | 1,946,448 | 0.52 |
| ***Вкупно Водоснабдување*** | ***9,800,638*** | ***9,824,176*** | ***-0.24*** |
| ***Вкупно Одведување на отпадни води*** | ***8,009,416*** | ***7,704,458*** | ***3.96*** |
| ***Вкупно Прочистување*** | ***8,009,416*** | ***7,704,458*** | ***3.96*** |

За периодот од 01-03.2026 година вкупно фактурурирана количина за водната услуга - водоснабдување изнесува ***9,800,638* м3**, за одведување на отпадни води ***8,009,416* м3** и за прочистување на отпадни води ***8,009,416* м3**.

## 2. *Прилив на средства*

Приливот на средства во претпријатието (без делот за Паркови и зеленило, Фонд за води и ДДВ) за анализираниот период по категории на корисници даден е во следниот преглед:

| *Р.б.* | *Категорија на потрошувачи* | *I квартал (01-03.2026)* | *I квартал (01-03.2025)* | *Инд.%* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Домаќинство | 195,137,309 | 191,367,176 | 1.97 |
| 2 | Стопанство | 128,047,052 | 121,487,070 | 5.40 |
| | **Вкупно** | **323,184,361** | **312,854,246** | ***3.30*** |

Приливот на средства во претпријатието за сите услуги кои ги дава претпријатието за периодот од 01-03.2026 се зголемени за 3,30% во поглед на наплатата на редовните и на тужените побарувања од делот домаќинство и стопанство споредбено со 01-03.2025.

**Домаќинство:**

| *Р.б.* | *Опис* | *I квартал (01-03.2026)* | *I квартал (01-03.2025)* | *Инд.%* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Редовни сметки | 176,469,138 | 168,220,614 | 4.90 |
| 2 | Тужени сметки | 18,668,171 | 23,146,562 | -19.35 |
| | **Вкупно** | **195,137,309** | **191,367,176** | ***1.97*** |

Приливот на средства кај категоријата домаќинство е зголемен за 1.97%, као резултат на зголемената наплата на редовни побарувања.

**Стопанство:**

| *Р.б.* | *Опис* | *I квартал (01-03.2026)* | *I квартал (01-03.2025)* | *Инд.%* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Редовни сметки | 122,796,303 | 117,956,926 | 4.10 |
| 2 | Тужени сметки | 5,250,749 | 3,530,144 | 48.74 |
| | **Вкупно** | **128,047,052** | **121,487,070** | ***5.40*** |

Кај категоријата стопанство приливот на средствата за редовните и тужените побарувања се зголемени за 5,40%, односно во делот на тужените побарувања за 48,74% како и на редовните побарувања за 4,10%.

### 3. *Останати приходи*

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2026) | Стр | I квартал (01-03.2025) | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 765 | Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврските | 28,606,935 | 86.13 | 34,297,356 | 86.17 | -16.59 |
| 2 | 769 | Останати приходи од работењето | 4,608,174 | 13.87 | 5,504,480 | 13.83 | -16.28 |
| | | ***Вкупно*** | ***33,215,109*** | ***100*** | ***39,801,836*** | ***100*** | ***-16.55*** |

Во останати приходи се приходи од наплатени тужени и отпишани побарувања, приходи од наплатените штети од осигурителни компании за пријавени штети на имот, приходи од користење одморалишта, приходи од заокружување и усогласување со Билинг, приходи по основ на субвенции и донации и останати приходи од редовно работење на Претпријатието.

Во продолжение даден е преглед на приходите к-то 765 – Приходи од наплатени отпишани побарувања од предходни години:

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2026) | Стр | I квартал (01-03.2025) | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 76501 | Приходи од наплатен главен долг по тужби-стопанство | 5,250,749 | 18.35 | 3,530,144 | 10.29 | 48.74 |
| 2 | 765011 | Приходи од наплатен главен долг по тужби-домаќинство | 18,668,171 | 65.26 | 23,146,562 | 67.49 | -19.35 |
| 3 | 765014/ 76502 | Приходи од наплатени трошоци од тужби домаќинство и стопанство | 3,808,660 | 13.31 | 5,688,626 | 16.59 | -33.05 |
| 4 | 76503 | Приходи од наплатени отпишани побарувања | 84,232 | 0.29 | 465,519 | 1.36 | -81.91 |
| 5 | 765063 /0630 7652 | Приход по основ наплатени застарени побарувања | 795,123 | 2.78 | 1,466,505 | 4.28 | -45.78 |
| | | ***Вкупно приходи од отпиш.поб.*** | ***28,606,935*** | ***100*** | ***34,297,356*** | ***100*** | ***-16.59*** |

Во периодот од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година приходите од наплатени тужени и отпишани побарувања бележат **намалување од 16,59% и во апсолутен износ од 5,690,421.00 денари** како резултат на намалување на приходи од тужени и отпишани побарувања во делот на корисници домаќинство.

Во продолжение даден е преглед на Останатите приходи од работењето на претпријатието:

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2026) | Стр | I квартал (01-03.2025) | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 7691 | Приходи од наплатени штети од осигурителни компании | 313,509 | 6.80 | 332,867 | 6.05 | -5.82 |
| 2 | 7692 | Останати приходи (извршители, казнени пенали, др.надомести) | 91,938 | 2.00 | 139,174 | 2.53 | -33.94 |
| 3 | 76992 | Приходи по основ на донации | 4,202,727 | 91.20 | 4,237,426 | 76.98 | -0.82 |
| 4 | 76999 | Приходи од минати години | 0 | 0.00 | 795,013 | 14.44 | / |
| | | ***Вкупно останати приходи*** | ***4,608,174*** | ***100*** | ***5,504,480*** | ***100*** | ***-16.28*** |

Останатите приходи во периодот од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година ***се намалени за 16,28%*** и истите се приходи од наплата на штети од осигурителни компании и приходи од донирани средства чија амортизација се евидентира како приход до висина на спротивставените трошоци – амортизација

## 4. *Капитализирано сопствено производство*

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2026) | I квартал (01-03.2025) | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 745 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 466,809 | 7,074,142 | / |
| | | ***Вкупно*** | ***466,809*** | ***7,074,142*** | / |

Согласно МСС 16 „*Набавната вредност на средствата кои се изведуваат во сопствена режија се утврдува со користење на истите принципи како и за стекнување на средството„. Капитализираните сопствено создадени добра се евидентираат на приходи врз основа на употреба на сопствените добра, а издатоците за создавање на употребната вредност истовремено се евидентира и како трошок за создавање на добрата (капитализација на сопствени трошоци).*

За периодот 01-03.2026 година ЈП Водовод и канализација – Скопје беа реконструирани следните водоводни мрежи во сопствена режија, за што всушност се искажани приходи за капитализирано сопствено производство.

| **Назив** | **Набавено во 2026г.** |
|---|---|
| **Сектор Водовод - Сопствена Режија** | |
| Техничко решение за решавање на проблемот со водоснабдување на неколку објекти на крак на ул.513.во нас.Ќерамидница | 450,098 |
| Монтажа на водомери за парковска мрежа-Сарај | 13,206 |
| Поставување на водомери на фонтани во општина Г.Петров | 3,505 |
| **Вкупно довршена мрежа-Сопствена режија** | **466,809** |
| **Севкупно:** | **466,809** |

## II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Расходите од работењето ги опфаќаат;

- Трошоци за суровини и други материјали
- Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар,амбалажа и авто гуми
- Услуги со карактер на материјални трошоци
- Останати трошоци од работењето
- Трошоци за вработени
- Амортизација на материјални и нематеријални средства
- Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства
- Останати расходи од работењето

### 1. *Трошоци за суровини и други материјали*

| *Рб* | *К-то* | *Елементи* | *I квартал (01-03.2026)* | *Стр* | *I квартал (01-03.2025)* | *Стр* | *Инд.%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 401 | Трошоци за материјали за одржување | 8,714,962 | 13.71 | 7,148,531 | 7.51 | 21.91 |
| 2 | 405 | Трошоци за резервни делови за тековно и инвестиционо одржување | 4,951,066 | 7.79 | 11,322,464 | 11.89 | -56.27 |
| 3 | | ***Вкупно вградени материјали и делови од залихи(401+405)*** | ***13,666,028*** | **21.50** | ***18,470,995*** | **19.40** | **-26.01** |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија | 49,194,888 | 77.38 | 75,748,060 | 79.56 | -35.05 |
| 5 | 408 | Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и авто гуми | 715,085 | 1.12 | 990,177 | 1.04 | -27.78 |
| | | ***Вкупно:*** | ***63,576,001*** | ***100*** | ***95,209,232*** | ***100*** | ***-33.22*** |

Трошоците за материјали **конто 401** и трошоците за резервни делови и материјали за тековното и инвестиционо одржување **конто 405** се анализираат заедно од причина што тие ги искажуваат трошоците за употребените залихи на материјали, резервни делови од магацините на претпријатието, потребен алат и инвентар за работа како и ХТЗ опрема за заштита при работа. Вкупно трошоците за суровини и материјали за перидот од 01-03.2026 година ***бележат намалување од 33,22%*** во однос на претходниот период од 2025 година. Зголемувањето се забележува во делот на трошоци на материјали за тековно одржување на целокупната инфраструктура.

Во продолжение следи детална поделба на ***трошоците за материјали К-то 401***:

| Рб | к-то | Елементи | I квартал (01-03.2026) | Стр | I квартал (01-03.2025) | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4010 | Потрошен канцелариски материјал | 344,324 | 3.95 | 583,410 | 8.16 | -40.98 |
| 2 | 40109 | Потрошени материјали за одржување на објекти | 45,540 | 0.52 | 298,119 | 4.17 | -84.72 |
| 3 | 40110 40111 | Потрошени суровини и материјали за тековно одржување | 5,183,099 | 59.47 | 3,531,752 | 49.41 | 46.76 |
| 4 | 40113 | Потрошен материјал за тековно одржување - хлор | 2,399,124 | 27.53 | 2,194,001 | 30.69 | 9.35 |
| 5 | 4012 | Потрошен помошен материјал за одржување хигиена | 47,047 | 0.54 | 107,614 | 1.51 | -56.28 |
| 6 | 4014 4016 | Трошоци за заштита при работа (униформи, работни одела и обувки - ХТЗ опрема) | 695,828 | 7.98 | 433,635 | 6.07 | 60.46 |
| | | ***Вкупно:*** | ***8,714,962*** | ***100*** | ***7,148,531*** | ***100*** | ***21.91*** |

**Трошоците за материјали, конто- 401**, ги опфаќаат трошоците за материјали за редовно работење и за тековно одржување на водоводната инфраструктура, пумпни и хидрофорски станици, лабараторија, машинобраварска работилница, (во најголем дел - трошоци за материјали за тековно одржување, трошоци за ХТЗ опрема униформи и други работни одела и обувки и сл.материјал, трошоци за градежните материјали од градежната група од Сектор ЕОК кои се користат за одржување на објектите на претпријатието, потрошокот на канцелариски материјали и сл.материјали.)

Овие трошоци за периодот од 01-03/2026 вкупно бележат ***зголемување за 21,91%*** во споредба со истиот период од 2025 година како резултат на зголемување на трошоците за материјали и суровини за одржување на водоводната мрежа и зголемување на пазарните цени на материјалите потребни за одржување на водоводната инфраструктура и зголемување на трошоците за набавка на хлор за хлорирање на водоводната мрежа заради зголемување на цената на хлор на пазарот**.** Во период 01-03.2026 потрошени се 12.600 литри течен хлор за дезинфекција на водата за пиење а во период 01-03.2025 година потрошени се 12.300 литри течен хлор.

Во продолжение детална поделба на ***трошоците за резервни делови К-то 405***

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2026) | Стр | I квартал (01-03.2025) | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4052 | Потрошени резервни делови за тековно одржување | 3,549,005 | 71.68 | 3,567,544 | 31.51 | -0.52 |
| 2 | 4053 | Потрошени резервни делови за инвестиционо одржување (сопствена режија) | 466,809 | 9.43 | 7,074,142 | 62.48 | -93.40 |
| 3 | 4056 | Потрошени резервни делови вградени во возила | 935,252 | 18.89 | 680,778 | 6.01 | 37.38 |
| | | ***Вкупно:*** | ***4,951,066*** | ***100*** | ***11,322,464*** | ***100*** | ***-56,27*** |

**Трошокот за резервни делови (конто 405),** во периодот за 01-03/2026 бележи зголемување во однос на периодот од 01-03.2025 а се однесува на потрошени резервни делови за инвестиционо одржување на канализационата и водоводната мрежа и нивна капитализација во сопствена режија.
*Трошоците за инвестиционо одржување во износ од **466,809.00 денари** се спротивставуваат со приходите од капитализирано сопствено производство во ист износ од 466,809.00* денари, со што се утврдува намалување на активирање на започнати инвестициони активности во поглед на реконструкции на водоводни мрежи. Трошоците за резервни делови за тековно одржување го задржуваат истиот износ во однос на истиот период 2025 година поради санирање на дефекти на водоводната инфраструктура.

Во продолжение детална поделба на ***трошоците за енергија -Конто 403***

| *Рб* | *к-то* | *Елементи* | *I квартал (01-03.2026)* | *Стр* | *I квартал (01-03.2025)* | *Стр* | *Инд.%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4030 | Потрошена електрична енергија | 44,711,858 | 90.89 | 70,766,690 | 93.42 | -36.82 |
| 2 | 40300 | Надомест за пристап на ел.дистриб. систем | 173,400 | 0.35 | 171,636 | 0.23 | 1.03 |
| 3 | 4031 | Потрошена топлотна енергија | 525,282 | 1.07 | 439,568 | 0.58 | 19.50 |
| 4 | 40320 | Потрошена масло (уље за машини и возила) | 222,486 | 0.45 | 145,355 | 0.19 | 53.06 |
| 5 | 40321 | Потрошена нафта за греење | 1,084,960 | 2.21 | 1,719,438 | 2.27 | -36.90 |
| 6 | 4033 | Потрошено гориво за товарни и лесни возила (нафта) | 2,156,093 | 4.38 | 2,193,892 | 2.90 | -1.72 |
| 7 | 4034 | Потрошено гориво за лесни и товарни возила (бензин) | 240,816 | 0.49 | 246,605 | 0.33 | -2.35 |
| 8 | 4035 4039 | Потрошени брикети и други цврсти горива, оксиген боци | 79,993 | 0.16 | 64,876 | 0.09 | 23.30 |
| | | *Вкупно:* | *49,194,888* | *100* | *75,748,060* | *100* | *-35.05* |

За период од 01-03.2026 година, **трошоци за енергија се намалени за 35,05%.** Трошокот за електрична енергија во наведениот период забележува **намалување од 36,82%** во однос на истиот период за 2025 година.
Во периодот од 01-03.2026 година ***потрошени се 4,984,261 kWh електрична енергија*** што споредено со истиот период во 2025 година ***покажува намалување за 1,213,688 kWh или за -19,6 %.***
Намалените трошоци за потрошената ел.енергија се резултат на:

- Намалената цена за потрошена електрична енергија во однос на истиот период во 2025 година. Податоци за цена на електрична енергија по месеци за 2025/2026 по kWh за АВТ и АНТ од добавувач: јан 10.16 / 8.997, фев 11.54 / 5.1947, март 7.9247 / 6.9593;
- Намалена потрошена ел.енергија пред се во Бунарските подрачја Лепенец и Нерези;

Во периодот од 01-03.2026 година се забележува и **намалување на трошок за потрошено гориво** (нафта) за греење 36,90% во споредба со 2025 година во истиот период како и трошокот за бензин и тоа за 2,35%.
Во оваа категорија на трошоци зголемен е трошокот и за набавка на масла, уље и нафта за агрегати во износ од 53,06% поради зголемување на цената на масла и уље на пазарот и потребата од замена на масла и уље на возилата согласно поминати километри.

## 2. *Набавна вредност на продадени стоки*

| Р.б | к-то | Назив | I квартал (01-03.2026) | I квартал (01-03.2025) | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 703 | Набавна вредност на продадени стоки и услуги | 92,757 | 133,243 | -30.39 |
| | | ***Вкупно:*** | ***92,757*** | ***133,243*** | ***-30.39*** |

Набавната вредност на продадени стоки и услуги **К-то 703** го опфаќа трошокот од продажба на материјалите и резервните делови од магацин за извршување на услугите на корисниците околу приклучување кон водоводната и канализациона мрежа.

## 3.*Услуги со карактер на материјални трошоци*

| К-то | Елементи | I квартал (01-03.2026) | Стр | I квартал (01-03.2025) | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 411 | Транспортни услуги, поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 1,458,087 | 10.38 | 1,091,001 | 7.77 | 33.65 |
